**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО ООУ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВЕЛЕС

**Јануари, 2024**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број:09-29/3

Датум: 09.01.2024година
Свети Николе

| **ООУ„Св.Кирил и Методиј“ – Општина Велес** | |
|---|---|
| **Конечен - извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 30, 31 Октомври и 1 Ноември, 2023 година |
| **Број на извештај:** | 7 / 2023 - Вардарски регион |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Александар Арсов |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Подрачни училишта** | 1 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Велес |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 609 |
| **Полова структура на ученици:** | 292 машки и 317 женски |
| **Број на наставници:** | 44 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Грозданчо Сутинов |
| **Директор на училиштето:** | Маја Јовановска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 5,6 и 7 Март 2018 |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Архиепископ Михаил" бр.156 Велес |
| **Телефон:** | 043/233-676 |
| **Факс:** | 043/233-676 |
| **e-mail:** | ooukimveles@gmail.com |
| **Оценка ИЕ** | 3.19 (Добро [1]) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на РМ“бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015,30/2016 и 64/2018) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ бр. 86/2006).

## РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција од 30 октомври до 1 ноември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Св. Кирил и Методиј“ Велес.

Во подготвителната фаза е извршено прибирање на документација од училиштето, спроведено е анкетирање на структурите во училиштето по пропишана методологија и извршена е обработка на податоците од документацијата и анкетите.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Државните просветни инспектори за време на Интегралната евалуација во училиштето оствариja средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители и Училишната заедница. Се водеа разговори со фокус групи на ученици, наставници и членови на тимот на изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Св. Кирил и Методиј“ Велес е оценето со 3,19 **добро**.

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба во училиштето која е извлечена од евалуацијата на сите 7 подрачја кои беа во фокусот на внимание на инспекцискиот тим. При реализацијата на Интегралната евалуација беше спроведено и вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници.

Воспитно - образовната работа во ООУ„Св. Кирил и Методиј“ – Велес, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и за учениците од I, II, IV и V одделение, согласно новата Концепцијата за основно образование.

По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, наставата се реализира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН. Наставниците кои реализираат настава имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование, организирана од страна на Бирото за развој на образованието. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Наставата се изведува на Македонски наставен јазик во две смени во централното и во една смена во Подрачното училиште во с.Црквино.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите на почетокот на учебната година со цел тие да бидат информирани за наставните планови и програми и другите активности на училиштето планирани во Годишната програма за работа.

Училиштето има формирано Инклузивен тим и Програма за работа на Инклузивниот тим. Во училиштето се идентификувани четири ученици со попреченост во учењето, од кои двајца ученици работат по модифицирана програма , а останатите двајца ученици со ИОП. Со учениците се работи според ИОП по добиена согласност од родител.

Во училиштето е организиран продолжен престој. Воспитно – образовната работа со учениците во продолжениот престој се реализира од страна на еден наставник по одделенска настава. Планирањето на наставата, организацијата и распоредот на активностите во продолжениот престој, се релизираат согласно Упатствата за настава во продолжен престој.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Акционен план за реализација на активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, План за унапредување на МИМО и Годишно планирање на активности од наставниците во рамките на проектот МИМО. Планот нуди активности преку кои учениците се запознаваат и учат на прифаќање и почитување на различностите и толеранцијата. Формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности. Партнер училиште е ООУ„Гоце Делчев“- П.У. с.Ангелци. Училиштето нема реализирано активности. Меѓуетничката интеграција во наставните планирања за I, II, IV и V одделение е присутна во активностите на наставните предмети кои произлегуваат од Принципот на интеркултурност на кој почива новата концепција за основно образование и активностите придонесуваат во остварување на базичното право на сите деца на квалитетно основно образование.

Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Изготвен е и План на активности за реализација на еко – програмата и во прилог (Еко-одбор; Анализа на состојбата на животната средина; План на активности, следење и евалуација; Поврзување со наставната програма и Еко-кодекс), врз основа на кој во училиштето се реализираат активностите.

Во рамките на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за Антикорупциска едукација за учениците. Учениците се здобиват со знаења за основните поими - корупција, етика, морал, одговорност, непотизам, измама, конфликт на интереси, се запознаат со степенот на корупција во македонското општество и неговите последици, со законските механизми за борба против корупцијата и се здобиваат со вештини за борба против коруптивното однесување и зајакнување на активната антикорупција.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Кирил и Методиј“- Велес, Во 2021/2022 година ученици преку спортскиот клуб, освоиле прво и второ место на општински натпревари и 2022/2023 година освоиле прво и второ место на општински натпревари, ракомет машки и женски, кошарка, ракомет, одбојка.

Стручната служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи за постигањата на учениците, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, наставни предмети (од IV до IX одделение) и одделенија, ги анализира постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава и постигањата на учениците при премин во прва година средно образование и изготвува извештаи во кои се дадени податоци за постигнатиот успех на секој ученик.

Во училиштето нема пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците, но има воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Пред почетокот на учебната година раководниот орган и стручната служба прават проверка и увид во годишните планирања на наставниците, а во текот на годината и на тематските планирања. Годишните и тематските планирања на наставниците се следат според однапред утврден формат/образец. Училиштето остварува соработка со основното училиште со ресурсен центар „Маца Овчарова“ Велес за обезбедување на образовни

асистенти, од страна на ресурсен центар„Маца Овчарова“ Велес е делигиран преставник специјален едукатор и рехабилитатор .

Сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања и планирања за наставен час во електронски облик. Годишните и тематските планирања кај најголем број наставници ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето се јасно утврдени во планирањата од најголемиот број наставници. Поголем број наставници ги планираат стандардите за оценување издвоено или во склоп на тематските планирања. Поголем дел од наставниците ги користат информациите од следењето и вреднувањето за ефикасно да ги планираат следните чекори во учењето.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата. Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето нема пропишани мерки, активности и процедури за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Училиштето има потреба од пропишани мерки, активности и процедури за безбедност на учениците за време на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Води грижа за здравјето на учениците и квалитетот на достапната храна.

Училиштето има направено статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување се применува како интерен акт на училиштето. Дополнително училиштето има интерен акт Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и донесен еко кодекс. Во истите, еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. При нивната изработка не учествувале сите училишни структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите. Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес и климата како и односот меѓу раководниот орган со вработените е на добро ниво.

Ученичкиот парламент учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците се информирани од претставникот во ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки. Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Сите наставници се со соодветна стручна спрема согласно Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар.

Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците.

Во училиштето се води евиденција за спроведени обуки – семинари за наставници во рамките на стручното усовршување на наставниците.Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план за 2023 година и усвоена завршна сметка за 2022 година.

Планот за јавни набавки за 2023 година е со бр.05-520/7 од 10.7.2023 година и истиот е усогласен со Законот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки, во која е вклучен член од Училишниот одбор. Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Орган на управување во училиштето е УО (Училишниот одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите избрани и именувани членови на Училишниот одбор се со легитимни мандати. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа, Училишниот одбор работи транспарентно, со редовно одржување на состаноци. Има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се набележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Училиштето има изготвено самоевалуација за период од 2021 до 2023 година заведена во училиштето со дел. бр.02-628/3 од 11.9.2023 година.

Училиштето има изготвено Годишна програма за работа за учебна година 2023/24 година бр. 02-520/3 од 10.7.2023 година и истата е донесена од страна на Училишен одбор со бр.02-520/4 од 10.7.2023. Во Годишната програма за работа на училиштето целосно е вградена училишната политика за развој на училиштето и подобрување на воспитно образовниот процес и во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со бр. 03-335/8 од 13.7.2021 година за период од 2021 до 2025 година, која е усвоена на УО.

Училиштето има изготвено Статут бр. 02-65/10 од 20.2.2023 година, за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје УП1 18-272 од 30.8.2023 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште “Св.Кирил и Методиј“ Велес се наоѓа во стариот дел на градот на ул. Архиепископ Михаил бр.156. Во својот состав училиштето има едно подрачно училиште во с.Црквино- Велес.

Наставата се изведува на Македонски наставен јазик во две смени во централното училиште и во една смена во подрачното училиште во с.Црквино- Велес.

Во училиштето има вкупно 59 вработени. Вкупниот број на вработени се распределени на следните работни места: 1 директор, 1 административен работник, 2 стручни соработници педагог и психолог, 11 технички персонал и 44 наставници.

Наставниот кадар брои вкупно 44 наставници со соодветна стручна спрема согласно Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар. Од вкупниот број на наставници 36 наставници се на неопределено работно време и 8 наставници се на определено работно време (од нив 5 се приправници, 4 наставници по одделенска настава, 1 наставник по Македонски јазик и за истите има определено ментор од в.д директорот на училиштето). Во однос на степенот на завршено образование, структурата на наставниот кадар е следна: 40 наставници се со завршено високо образование, 3 наставници се со завршено вишо образование. Наставата во централното училиште се реализира во 23 училници од кои 15 кабинети, една фискултурна сала и 5 административни простории.

Во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,, Велес се образуваат вкупно 609 ученици од кои во централното училиште од I до IX одд. се образуваат 587 ученици, распоредени во 27 паралелки, во ПУ с.Црквино од I до V одд. се образуваат 22 ученици, распоредени во 3 паралелки од кои 1 чиста и 2 комбинирани паралелки.

Училишната зграда на централното училиште е од цврста градба изградена во 1857 година со површина од 5109 м2 со добро одржани и уредени просторни услови. Училишниот двор е со површина од 450 м2 во кој се наоѓа и 1 отворен спортски терен од 231 м2 кое е заградено од сите страни кој целосно ги задоволува потребите на учениците. Во училиштето има спортска сала со површина од 1000 м2. Подрачното училиште во село Црквино е од тврда градба изградено во 1948 година, со површина на објектот од 156м2. Истото располага со 3 училници и 1 наставничка канцеларија и една помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и вонаставни активности. Дворот во ПУ е 174м2, истиот е целосно заграден, нема отворен спортски терен.

Во училиштето согласно потребите на родителите се организира и реализира продолжен престој. Училиштето е основано со Решение бр.05-131737 од 18.12.1984 година.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр.10-487/2 од 6.4.1994 година од Министерството за образование и физичка култура.

Решението за упис на училишниот правен субјект во централниот регистар е ЕДБ 4004994102745 и ЕМБС 4024303.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно - образовната работа во ООУ„Св. Кирил и Методиј“ – Велес, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и за учениците од I, II, IV и V одделение, согласно новата Концепцијата за основно образование.

По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, наставата се реализира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН. Наставниците кои реализираат настава имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование, организирана од страна на Бирото за развој на образованието.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование во I одделение, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува наставник по физичко и здравствено образование кој секогаш не е присутен на наставата.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата.

Во училиштето се реализира и програма - Образование за животни вештини. Во III одделение и од VI до IX одделение се планираат и реализираат содржини – работилници на часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители**.** Во I и II одделение, содржини од програмата Образование за животни вештини се планираат и реализираат во склоп на слободни активности, како еднократни работилници. Во IV и V одделение, Образование за животни вештини на учениците им се понудени како слободни изборни предмети, во категорија на изборни предмети за подршка на личниот и социјалниот развој на ученикот и истиот по избор на учениците се изучува во V одделение.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Акционен план за реализација на активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, План за унапредување на МИМО и Годишно планирање на активности од наставниците во рамките на проектот МИМО. Планот нуди активности преку кои учениците се запознаваат и учат на прифаќање и почитување на различностите и толеранцијата. Формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности. Партнер училиште е ООУ„Гоце Делчев“- П.У. с.Ангелци. Училиштето нема реализирано активности. Меѓуетничката интеграција во наставните планирања за I, II, IV и V одделение е присутна во активностите на наставните предмети кои произлегуваат од Принципот на интеркултурност на кој почива новата концепција за основно образование и активностите придонесуваат во остварување на базичното право на сите деца на квалитетно основно образование.

Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Изготвен е и План на активности за реализација на еко – програмата и во прилог (Еко-одбор; Анализа на состојбата на животната средина; План на активности, следење и евалуација; Поврзување со наставната програма и Еко-кодекс), врз основа на кој во училиштето се реализираат активностите.

Во рамките на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за Антикорупциска едукација за учениците. Учениците се здобиват со знаења за основните поими - корупција, етика, морал, одговорност, непотизам, измама, конфликт на интереси, се запознаат со степенот на корупција во македонското општество и неговите последици, со законските механизми за борба против корупцијата и се здобиваат со вештини за борба против корупитивното однесување и зајакнување на активната антикорупција.

Во училиштето се идентификувани четири ученици со попреченост во учењето, од кои двајца ученици работат по модифицирана програма , а останатите двајца ученици со ИОП. Со учениците се работи според ИОП по добиена согласност од родител.

Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети. Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план, го избираат учениците во согласност со нивните родители.

Согласно наставните планови се спроведува и постапката за избор на слободни изборни предмети во IV и V одделение, преку анкетирање, согласно новата концепција за основно образование.

Во училиштето е организиран продолжен престој. Воспитно – образовната работа со учениците во продолжениот престој се реализира од страна на еден наставник по одделенска настава. Планирањето на наставата, организацијата и распоредот на активностите во продолжениот престој, се релизираат согласно Упатствата за настава во продолжен престој.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата, во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај одреден број од наставниците. Имплементирањето на вака планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината .

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките.

### 1.3. Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат воннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците.

При реализацијата од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик.

За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Од страна на наствниците се води евиденција за реализирани воннаставни активности во образец за Педагошка евиденција за вонnаставн активности.

Воннаставни активности се реализираат и преку: литературно – рецитаторска драмска секција, музичка секција, секција на млади математичари и физичари, јазична секција, секција по екологија, спортски активности, секција по хемија, англиски јазик, клуб на млади математичари, клуб на волонтери, хорти култура по биологија, француски јазик и по други наставни предмети.

Во второто полугодие на учебната 2019/20 година и во учебна 2020/21 година, кога наставата се изведувала он-лајн, воннаставните активности делумно се реализирани.

За афирмирање на училиштето преку воннаставните активности се користи фејзбук, Web - страната на училиштето, локална телевизија, во соработка со општината.

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на воннаставни активности. Поради Ковид – пандемијата, во учебната 2020/21 година, поголем број од натпреварите се одржани он-лајн. За учебната 2021/22 и 2022/2023 година има учество на вкупно 41 регионални натпревари и 145 општински натпревари , како и 22 државни натпревари.

Вработените во училиштето, родителите и учениците се запознаени со Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Поради пандемијата, екскурзии не се организирани и реализирани во училиштето до период 2021/2022 година, а се организирани во 2022/2023 година еднодневни-наставно- научни излети, а за учениците од III, VI и IX одделение се реализирале и наставно- научни екскурзии.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Кирил и Методиј“- Велес, Во 2021/2022 година ученици преку спортскиот клуб, освоиле прво и второ место на општински натпревари и 2022/2023 година освоиле прво и второ место на општински натпревари, ракомет машки и женски, кошарка, ракомет, одбојка. Училишниот спортски клуб има реализирано и спортски активности по повод Европска недела на спортот ( Планинарско пешачење од 5 км во природа).

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Стручната служба во училиштето изготвува детални извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, по наставни предмети и одделенија, за сите квалификациони периоди.

Средниот успех на учениците, согласно извештаите на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува 4,25 во учебната 2020/2021 година, 4,22 во учебната 2021/20222 година и на крајот од учебната 2022/2023 година, средниот успех изнесува 4,27.

Постигањата на учениците, при премин од одделенска во предметна настава се следат од страна на стручната служба на училиштето. Според анализите кои ги

изготвува стручната служба, за последните три учебни години, најголемо намалување на успехот кај учениците при премин во VI одделение, постои во сите учебни години.

Постигањата при премин од основно во средно образование не се следат за учениците кои своето образование го продолжуваат во средното училиште во општината, од причина што не добиваат податоци за постигањата на учениците, од страна на средното образование во општината и пошироко.

За учениците кои постигнуваат слаби резултати и за учениците кои постигнуваат одличен успех, училиштето изготвува месечен распоред за дополнителна и додатна настава. Реализацијата на дополнителната настава во предметна настава од страна на поголем број наставници, делумно задоволува. Часовите за додатна настава, поголем број наставници најчесто ги реализираат со ученици кои се подготвуваат за учество на натпревари. Од страна на наставниците, за реализираните часови од дополнителна и додатна настава, во текот на учебната година во електронска форма се води Образец за дополнителна или додатна настава. На крајот на учебната година истите се печатат, архивираат и се доставуваат до директорот, но не од страна на сите наставници.

Со учениците од II, III, IV и V одделение, дополнителна и додатна настава се планира во образец за неделно планирање и се реализираат во склоп на други активности.

Кога кај учениците ќе се евидентира намалување на успехот или поголем број на отсуства од настава, се известува стручната служба во училиштето - психологот, за спроведување на постапка за советување на родители. Во последните три учебни години, реализирани се советувања само по основ на намален успег на учениците.

Во учебната 2020/2021 година е извршено советување на 12 родители по основ на намален успех во учењето, во учебната 2021/2022 година е извршено советување на 18 родители, за намален успех и нередовно посетување на наставата 18 и во учебната 2022/2023 година е извршено советување на 31 родители по основ на намален успех. Психологот на училиштето води евиденција за советување на родителите.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествувале на конкурси и натпревари кои биле организирани на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години учениците учествувале на натпревари по природни науки, физика, биологија, математика, хемија, француски јазик, англиски јазик, географија, на кои се стекнале со освоени први, втори или трети награди или биле пофалени за учество. Во периодот на Ковид пандемијата, нема реализирано натпревари онлајн.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно правилник на училиштето кој се наградува со награда обезбедена од училиштето.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има изградено систем и презема активности да ги опфати децата - училишни обврзници од с. Црквино. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи преку општината. Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот. Во последните три учебни години , училишните обрзници се со вакцинален статус.

Во училиштето постои тенденција на намалување на бројот на запишани ученици, поради запишување на ученици во друго училиште од општината или во училишта во други опшштини или поради заминување во странство на семејствата.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Просечниот број на изостаноци на ниво на училиште е мал. Во учебната 2020/2021 година бројот на

оправдани изостаноци по ученик изнесува 36,1 , неоправдани изостаноци 3,2 , во учебната 2021/2022 година бројот на оправдани изостаноци изнесува 60,4, неоправдани изостаноци 1,3 I за 2022/2023 година бројот на оправдани изостаноци изнесува 57,2, неоправдани изостаноци 4,4.

Во однос на оценување по поведение на учениците, во последните три учебни години е 2020/2021 е примерно поведени, во 2020/2021 е намалено поведението кај 4 ученика на добро и кај еден е незадоволително, а во 2022/2023 година, има намалување на 3 ученика од примерно на добро и 2023/2024 за првио квартал е примерно поведение кај сите ученици.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година. Во текот на учебната 2020/2021 година, испишани се 10 ученици, поради заминување во друго училиште и во странство. Во учебната 2021/22 година, испишани и запишани во друго училиште се 29 ученици, 2022/23 се отпишале 17 ученика. Постапката при премин од едно во друго училиште е спроведена согласно закон и на учениците им е издадена преведница за запишување во другото училиште.

### 2.3. Повторување на учениците

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. Нема ученици кои по завршување на учебната година поради две слаби оценки да се упатени на дополнителна настава во јуни или поправен испит во јуни/август. Учениците и родителите се запознаени со правото да поднесат жалба и приговор до Наставнички совет, доколку се незадоволни од оценките по одредени предмети, согласно Законот за основното образование. Во последните три учебни години не се поднесени приговори од страна на родители.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците, но има воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Пред почетокот на учебната година раководниот орган и стручната служба прават проверка и увид во годишните планирања на наставниците, а во текот на годината и на тематските планирања. Годишните и тематските планирања на наставниците се следат според однапред утврден формат/образец. Инклузивниот тим на училишниот им обезбедува поддршка на наставниците при изработката на индивидуалните образовни планови. Училиштето остварува соработка со основното училиште со ресурсен центар „Маца Овчарова“ Велес за обезбедување на образовни асистенти, од страна на ресурсен центар„Маца Овчарова“ Велес е делигиран преставник специјален едукатор и рехабилитатор .

Дополнително наставниците планираат вградување на целите од: меѓуетничката интеграција во образованието и антикорупциско образование. Наставниците кои

реализираат слободни ученички активности (секции) истите ги планираат, но мал дел од натавниците не ги планираат часовите за реализација, а вонnаставните активности се планираат во склоп на Годишната прорама за работа на училиштето. Раководителите на паралелки планираат: соработка со родителите, општо-корисна работа со учениците, здравствена заштита, животни вештини, ученичко организирање, соработка со локалната заедница и др. Сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања и планирања за наставен час во електронски облик. Годишните и тематските планирања од најголемиот број наставници ги содржат речеси сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето се јасно утврдени во планирањата од најголемиот број наставници. Поголемиот број наставници ги планираат стандардите за оценување издвоено или во склоп на тематските планирања. Поголем дел од наставниците ги користат информациите од следењето и вреднувањето за ефикасно да ги планираат следните чекори во учењето. Во планирањата за наставен час поголем дел од наставници планираат активности на наставникот и активности на учениците, кај поголем дел наставници планираните активностите се исти за сите ученици, односно не се прилагодени на потребите и можностите на учениците. Ваквиот пристап не обезбедува целосна ефикасност користење на времето од часот, со што за време на часот дел од учениците предвреме ги постигнуваат очекуваните резултати, а дел ги постигнуваат делумно. Најголемиот број наставници разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи. Голем број наставници изготвуваат и користат дигитални презентации.

Распоредот на редовните часови е направен според наставниот план и кадровските можности на училиштето но не и според просторните услови на училиштето. Училиштето изработува месечни распореди за дополнителна и додатна настава.

## 3.2. Наставен процес

Најголемиот број наставници по одделенска настава и голем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми и методи, но истите не секогаш се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат со учениците најчесто фронтално ,парови и во групи, а повремено во индивидуално. Методите што ги користат се во функција на остварување на очекуваните исходи. Поголем дел од наставниците главно користат еден приод за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Мал број наставници користат разновидни интерактивни техники во поголемиот дел од часот и диференциран пристап при реализирањето на активностите, со што не им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат. Најголем број од наставниците во процесот на учење користат дигитални презентации. Има потреба од поголем број на единици од компјутерска опрема за наставниците и за нивно користење во процесот на подучување на учениците. Задачите што се работат во училиште се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Домашните задачи кои се даваат на учениците ретко се прилагодени на индивидуалните потреби, можности и стилови на учење на учениците. Најголемиот број наставници планираат задачи и активности за сите ученици, односно изборот на задачи и активности не ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот број од наставниците при реализирање на наставните

содржини користат бесплатни учебници кои се добиени од Министрството за образование и наука , поретко и дополнителна прирачна литература. Поголем број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците за време на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи им се јасни на поголем број ученици, во секоја фаза на учењето. Поучувањето кај најголем број наставници по одделенска настава и голем број наставници во предметна настава е јасно и разбирливо и соодветно на возраста, но не е прилагодено на можностите и предзнаењата на сите ученици. Најголемиот број наставници по одделенска настава и голем број насатвници во предметна настава наставата ја реализираат со примена на работа во фронтална форма, групна и во парови и ги потикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата а помал дел од наставниците во индивидуалана форма и индивидуализирана форма . Помал број наставници користат различни интерактивни техники. За време на часовите и при реализацијата на вонаставните активности се промовира градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Поголем број ученици и родители сметаат дека наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и секогаш ги преземаат потребните мерки кога таквите стереотипи ги користат учениците.

Училиштето нема пропишана процедура за следење на наставниот процес. Училиштето во рамките на својата годишната програма за работа на училиштето и директорот, педагогот и психологот во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. Редовно пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час, но не и за целта на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. По посетата со секој наставник поединечно се води разговор и се даваат препораки за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат извештај со препораки од посетените часови. Секој наставник најмалку два пати годишно е посетуван на час од директорот и стручната служба. Нема воспоставена практика новите наставници да ја следат работата на час на другите колеги од училиштето.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата. Изработките на учениците од разни работилници и вонаставни активности се изложуваат на видни и соодветни места и редовно се менуваат. Секој ученик има можност да има изложен труд. Училиштето на учениците и наставниците им ги

обезбедува сите материјали потребни при изработката на летоци, изложбени паноа и постери.

Учениците сметаат дека по голем број на предмети се учи на интересен начин. Голем број ученици сметаат дека дел од содржините се поврзани со секојдневието, се применливи и се корисни во реалниот живот. За време на часот голем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци и даваат примери за примена на она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците и родителите сметаат дека учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и дека мислењето на учениците се зема во предвид при решавањето на проблеми и при одлучувањето за работи кои се од нивен интерес. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, во и надвор од наставата, најчесто преку воннаставните активности и разни хуманитарни акции. Во последните три учебни години реализирани се бројни активности: хуманитарни акции за прибирање на средства за помош на соученици од семејства во социјален ризик, изработка на изложбени паноа и дигитални презентации со пораки до врсниците на разни теми (моите права и моите обврски, превенција од врсничкото насилство, штетноста од пушењето и користењето на алкохол и дрога, одбележување на настани и др.). Најголеми број од учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира нивна меѓусебна соработка. Училиштето негува меѓуетничка комуникација и почитување на различностите. Најголемиот број учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Училиштето ги детектира систематски образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик. Наставниците и стручната служба ги детектираат по сопствена проценка образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик и преземаат конкретни активности за нивно остварување, најчесто преку дополнителната настава и дополнително залагање на наставниците за време на часовите.

Голем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни методи, но мал број наставници користат разновидни интерактивни техники. Не се користи диференциран пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот. Поради ова не им се дава можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат за време на часовите.

Наставата по предметот физичко и здравствено образование во ООУ „Свети Кирил и Методиј“- Велес се изведува во една голема спортска сала и една мала спортска и на отворени спортски терени кој се користат за време на поволни временски услови. Изготвен е училиштен распоред во кој на исти наставен час се реализира настава по физичко и здравствено образование со 4 (четири) одделенија што го отежнува

реализирањето на часовите по физичко и здравствено образование поради недоволно содветен простор.

### 3.5. Оценувањето, како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. И покрај тоа што нема дефинирана политика за оценувањето, училиштето има воспоставени добри практики. Најголемиот број наставници ги планираат стандардите и критериумите за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава ги запознаваат учениците и родителите со стандардите и критериумите за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава ги користат истите при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека оценувањето е транспарентно и реално.

Поголем број наставници по одделенска настава и во предметна настава користат разновидни методи и инструменти за оценување. Поголем број наставници по одделенска настава и во предметна настава континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците користејќи тебеларни листи од ученици по усвоени стандарди за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување и градење критериуми. Приодите во оценувањето им ги ограничуваат можностите на најголемиот број ученици во предметна настава да ги подобруваат своите постигања.

Поголем број наставници во одделенска настава редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата. Во предметна настава, поголем број наставници континуирано го следат напредокот на учениците и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето (тебеларни листи од ученици по усвоени стандарди) за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Голем број наставници по одделенска настава и наставници во предметна настава располагаат со конкретни информации за постигањата на учениците за кои родителите можат да се информирааат во секое време. За информирење на родителите за постигањата на учениците се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за паралелката во целина) и индивидуални средби (за конкретен ученик) со родителите. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник. Родителите имаат пристап до него и редовно добиваат известувања преку телефонски пораки. Четири пати годишно родителите добиваат Евидентни листови во кои се наведени постигањата на учениците. Најголемиот број родители се задоволни од тоа што наставниците се достапни во секое време и редовно ги информираат за постигањата на учениците.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето нема пропишани мерки, активности и процедури за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Училиштето има потреба од пропишани мерки, активности и процедури за безбедност на учениците за време на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето врши редовно контролно испитување и одржување на хидрантите, противпожарните апарати и громобранската инсталација за што ги поседува потребните потврди. Двајца вработени имаат сертификат за давање прва помош на учениците при несреќни случаи. Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи заради постапување во случај на елементарни непогоди и за истиот има мислење од Дирекцијата за заштита и спасување. Последната симулација е изведена во 2018 година. Училиштето има направено статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување се применува како интерен акт на училиштето. Дополнително училиштето има интерен акт Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Секоја година стручниот соработник психолог во склоп на својата годишна програма за работа како и со Планот за реализација на „Училиште без насилство“ планира и реализира разни активности со ученици и наставници и родители (предавања, работилници и истражувања) за спречување на врсничко насилство додека со родители нема реализирано разни активности. Преку работилници кои ги спроведува психологот со ученичкиот парламент се изработуваат летоци со пораки се запознваат другите ученици и вработените во училиштето за видовите на насилство. Има примери полесно врсничко насилство меѓу учениците, но училиштето ефикасно се справува со секаков облик на насилство манифестиран од страна на учениците преку примена на механизмите дадени во протоколот. Најголемиот број вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето секоја година изработува и реализира програми за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, спречување на дискриминација и за намалување на насилството во училиштето како прилог на Годишната програма на училиштето. Со програмите се планираат: формирање на тимови, активности за запознавање на наставниците, учениците и родителите, работилници и предавања. Претходната година во соработка со СВР Велес се реализирала превентивна едукација од областа на безбедноста и сигурноста на учениците во училиштето и надвор од него а оваа учебна година сеуште немаат но е планирана да се реализира во текот на учебната година. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека најголемиот број вработени на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Родителите и учениците се запознаваат од страна на училиштето со правото и обврската за поднесување поплаки во случај на насилство или повреда на ученичките права до класните раководители. Во училиштето има забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, што подразбира дека во училниците, канцелариите и тоалетите не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се

консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во последните три години нема пријави или сознанија за користење на алкохол и наркотични супстанции во училиштето и во училишниот двор. Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Училиштето во соработка со ОО на Црвен Крст во Велес и СВР Велес секоја година реализира едукативни предавања за учениците за превенција од психоактивни супстанци. Со годишната програма за работа на училиштето се планираат и се реализираат предавања и работилници со ученичката заедница, изложбени паноа со пораки, како и содржини во склоп на образованието за животни вештини на класните часови за превенција од психоактивни супстанци. Со постапка спроведена од Советот на родители се обезбедува два оброка и ужина за учениците во продолжен престој. Учениците во шесто до деветто одделение храна обезбедуваат сами од околните продавници за храна. Училиштето води грижа за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во околните продавници за храна. Училиштето во рамки на годишната програма за работа на училиштето секоја учебна година планира активности (работилници и предавања) на тема здрава храна. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето нема пристапна рампа и лифт помеѓу спратовите. Во училиштето има 4 ученици со интелктуална попреченост а нема ученици пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето има и санитарен јазол прилагоден за потребите на учениците со физичка попреченост само во спортската сала со пристап од надворешната страна. Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето со Програмата за хумани вредности секоја година преку хуманитарни акции обезбедува облека, средства за хигиена и дополнителни средства за училишен прибор, сликање за табло, како и учество на овие ученици во воннаставни активности (екскурзии, театарски претстави, полуматорски претстави и други приредби).

## 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето редовно се одржува. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот и се дезинфицираат два пати во денот, пред секоја смена. Државниот санитарен инспекторат во изминатите три години нема констатирано пропусти во работењето на училиштето. Пред почетокот на секое полугодие се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Училиштето со ќуќниот ред, кодексот на однесување на учениците, како и преку совети од наставниците воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат по завршување на смената, другиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку еднаш полугодишно. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини и се уредени. Во дворот на училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци и учениците ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето во склоп на програмата за здравствена заштина на учениците и психологот во рамките на своето годишно планирање планираат и реализираат разни активности (работилници и предавања) за превенција од заразни болести. Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни

прегледи согласно законските прописи. Последниот систематски преглед за вработените е спроведен во месец септември 2021 година, а систематски прегледи за вработените за оваа учебна година се во тек. Училиштето редовно соработува со здравствените установи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците. Во училиштето нема ученици со хронични заболувања. Училиштето нема пишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Училиштето доклку има такви ученици има воспоставена практика на овие ученици наставниците да им обезбедуваат поддршка преку давање насоки и одржување на настава од далечина и дополнителна настава. Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, но психологот во склоп на своето годишно планирање планира активности (работилници, едукативни и советодавни раговори со учениците, нивните родители и наставниците како и активности за идентификување и грижа за тие ученици) за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми). Психологот користи инструменти за детектирање на овие ученици и превзема конкретни мерки за секој ученик поединечно, ученикот и родителот да се справат со емоционалните потешкотии на ученикот. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните установи. Во изминатите три години идентификувани се 6 ученици на кои психологот им помогнал во справувањето со нивните емоционални потешкотии поради: развод на родителите, болест во семејството и постконфликтни трауми. Има примери ученик да е упатен до надлежна установа Центарот за социјални работи или службени лица од Центарот за социјални работи да дојдат во училиштето.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето во соработка со средните училишта од општината и од други општини на учениците им обезбедува релевантни информациите за можностите за нивно понатамошно образование. Училиштето организира посета на отворени денови кои ги организираат средните училишта за учениците од завршното одделение кои се заинтересирани за упис во тие училишта каде им се презентираат можностите кои им ги нудат на учениците за нивно понатамошно образование. Подготовката на учениците за избор на нивно понатамошно образование, по завршувањето на основното образование во училиштето ја прават психологот и педагогот преку инструменти за самооценување на вештините и интересите на учениците и информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето. Дополнително советодавна помош за понатамошно образование на учениците со посебни образовни потреби за учениците и нивните родители обезбедува и специјалниот едукатор и рехабилитатор преку проценка на можностите и потребите на самите ученици и советодавни разговори со нивните родители. Наставниците во одделенска настава водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, и се грижат за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Сите раководители на паралелка изработуваат квартални извештаи за успехот, редовноста и дисциплината, односно поведението на учениците на ниво на параллка и

на ниво на одделение. Подготвените извештаи им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Од причина што не се изработуваат анализи со конкретни препораки, користењето на резултатите од извештаите не придонесува за подобрување на воспитно -образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, како и за поддршка на инклузивноста. Наставничкиот кадар ужива голема почит од страна на родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекс на однесување бр.02-493/3 од 23.12.2019 во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во истите, еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. При нивната изработка учествувале сите училишни структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес и климата како и односот меѓу раководниот орган со вработените е на добро ниво.

Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим бр. 02-527/1 од 14.10.2022 година во чиј состав се вклучени стручните соработници и образовен асистент. За активностите изготвена е програма за работа на инклузивниот тим. Тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на учениците со посебни образовни потреби. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените се придржуваат кон куќниот ред во училиштето бр.02-493/3 од 23.12.2019 година, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки со дел.бр 02-393/3 од 23.12.2019 година. Во последните три учебни години изречени се вкупно 66 педагошки мерки за намалено поведение по основ неоправдани изостаноци, прекршување на кодексот на однесување во училиштето.

Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Постои работна атмосфера за време на наставата и вонаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирано ученички парламент избран на демократски начин. Ученичкиот парламент има изготвено програма за работа како прилог-дел од годишната програма на училиштето, води записници од одржаните состаноци, а за реализација на програмата добива поддршка од училиштето.

Ученичкиот парламент учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците се информирани од претставникот во ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

## 5.2.Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и објективни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Голем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање.

Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Има изготвено и Правилник за ученик на генерација бр.02-393/3 од 23.12.2019 година со критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето. Промовирањето на постигањата на учениците се врши преку јавни гласила, локалните медиуми, фејзбук страна и родителските средби .

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето.

Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Голем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2012-2013 година во училиштето се реализира Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието и е завршен во 2016/17 година а од декември 2017 година е вклучено во проектот Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието (МИМО). Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето

има партнер училиште ООУ,,Гоце Делчев,, Василево со меморандум за соработка бр.03-82 од 20.3.2020 година. Наставниците имаат планирано интегрирани содржини за меѓуетничка интеграција во образованието.

### 5.4.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето и превзема дејствија активно да се вклучат поголем број на родители. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Комуникацијата на училиштето со родителите се спроведува преку одржување на најмалку три родителски средби во едно полугодие и се води уредна евиденција за одржаните групни родителски средби и се води евиденција за индивидуални средби со родители. Родителите учествуваат во процесот на донесување на одлуки преку советот на родители и училишниот одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, невладини организации и други институции, преку спроведување заеднички проекти, за реализирање на активностите од еколошката програма и учество на настани од интерес на заедницата.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,, Велес се реализира во една училишна зграда и 1 подрачно училиште во село Црквино-Велес. Подрачното училиште е оддалечено од централното училиште со повеќе километри.

Објектот во централното училиштето е од цврста градба изграден во 1857 година зграда со површина од 5109 м2 со добро одржани и уредени просторни услови со 23 училници од кои 15 кабинети, една фискултурна сала и 5 административни простории. Училишниот двор е со површина од 450 м2 во кој се наоѓа и 1 отворен спортски терен од 231 м2 кое е заградено од сите страни кој целосно ги задоволува потребите на учениците. Во училиштето има спортска сала со површина од 1000 м2. Во објектот има санитарни јазли за ученици и за наставници. Дворот на училиштето е комплетно заграден од сите страни и е хортикултурно уреден, а приодните патеки пред влезот се добро одржувани и чисти. Хигиено-естетската, содржинската и функционална уреденост на просторот во централното училиште е на високо ниво. Загревањето на просториите во централното училиште е со сопствено парно греење на нафта. Во училиштето нема пристапна рампа за инвалидизирани лица.

Во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,, Велес и ПУ с.Црквино се образуваат вкупно 609 ученици од кои во централното училиште од I до IX одд. се образуваат 587 ученици, распоредени во 27 паралелки. Наставата во централното училиште се реализира во две смени.

Подрачното училиште во село Црквино е од тврда градба изградено во 1948 година, со површина на објектот од 156м2. Истото располага со 3 училници и 1 наставничка канцеларија и една помошна просторија. Просторните услови и училниците се доволно големи во однос на бројот на ученици и се создадени добри услови за наставни и вонаставни активности. Дворот во ПУ е 174м2, истиот е целосно заграден, нема отворен спортски терен за реализација на часовите по предметот Физичко и здравствено образование за реализација на часовите се користи училница која се адаптира пред час и училишниот двор. Во ова училиште од I до V одд. се образуваат 22 ученици, распоредени во 3 паралелки од кои 1 чиста и 2 комбинирани паралелки. Наставата се реализира во една прва смена. Загревањето на просториите во подрачното училиште е со дрва.

Просторните капацитети во централното и подрачното училиште се оптимално искористени.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по норматив по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес согласно планираните ресурси. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата кај голем број на наставници е со користење на ИКТ опрема.

Училиштето е снабдено со 40 функционални компјутери со монитори , 16 смарт табли и 32 лаптопи за наставниците. Со функционална компјутерска опрема е опремено и подрачното училиште во с. Црквино 1 лаптоп компјутер за наставници и 1 смарт табла. На ниво на училиште има вкупно 17 смарт табли, 7 телевизори, 12

принтери/фотокопири и др. нагледни средства за реализирање на наставата по предметите. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и го имаат во нивните планирања за реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини.

Училиштето има и училишна библиотека, која е сместена во една просторија во централното училиште. Библиотеката располага со 12133 книги од кои 2480 лектири, 1323 стручна литература, 3200 слободна литература, книги од МОН 2603 и 2527 литература на други јазици. Библиотеката е функционална и се води библиотечна евиденција во инвентарна книга. Во библиотеката во училиштето работат 2 наставници по Француски јазик и Македонски јазик. Библиотеката има истакнато работно време од 7.00 до 15.00 часот. Вработените во библиотеката се запознати со законот за библиотекарство.

Во училиштето има воспоставени договорни процедури за утврдување на потреби од наставни средства и помагала. Наставниците во договор со директорот ги утврдуват потребите од наставни средства и помагала, наставни материјали и други потреби. Раководството одредува приоритети за снабдување според финансиските можности.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

За реализирање на наставниот план и програма, во училиштето е обезбеден доволен број на наставен кадар, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.

Во училиштето има вкупно 59 вработени. Вкупниот број на вработени се распределени на следните работни места: 1 директор, 1 административен работник, 2 стручни соработници педагог и психолог, 11 технички персонал и 44 наставници.

Наставниот кадар брои вкупно 44 наставници од кои 9 се мажи и 35 жени, од кои според етничка припадност македонци 43, други националности 1, оспособени да ги превземат одговорностите во наставата и воннаставните активности, согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Од вкупниот број на наставници 36 наставници се на неопределено работно време и 8 наставници се на определено работно време (од нив 5 се приправници, 4 наставници по одделенска настава, 1 наставник по Македонски јазик и за истите има определено ментор од в.д директорот на училиштето). Во однос на степенот на завршено образование, структурата на наставниот кадар е следна: 40 наставници се со завршено високо образование, 3 наставници се со завршено вишо образование.

Училиштето има обезбедено согласност од Градоначалникот и Совет на општина Велес за прием на наставен кадар на определено време за учебната 2023/24 година бр.04-552/3 од 23.8.2023 година и согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици, со бр. 25-3658/28 од 31.8.2023 година.

Сите наставници се со соодветна стручна спрема согласно Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар.

Стручната служба односно педагогот и психологот на училиштето им помагаат на наставниците во организација на наставата. Во училиштето се почитува работното време од страна на наставниците и другите вработени и се следи од страна на директорот и стручната служба на училиштето. При отсуство на наставниот кадар се води грижа замената да биде соодветна и навремена.

## 6.4 Кадар и следење на развојните потреби на на кадарот

Во училиштето следењето на кариерниот развој на вработените наставници и стручни соработници е континуирано. За секој наставник и стручен соработник постои ажурирано професионално досие, кое е во согласност со Правилникот за водење на професионално досие на наставник и стручен соработник во основно образование.

Развојните потреби на наставниците се утврдуваат преку изготвен план за професионален развој на училиштето за учебната 2023-2024 година, план за професионален развој на наставникот, анкетирање, самоизјаснување и утврдување на потребите, преку следење на наставниците при посета на часови од страна на раководниот кадар и стручната служба. Наставниците редовно ги посетуват сите предавања, семинари и обуки кои се реализирани во училиштето и надвор од него од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование и Националната агенција. Избор на наставник за да посетува некој семинар или обука, најчесто се врши на Наставнички совет и преку спроведена анкета. Во училиштето е редовна пракса посетителот на стручното усовршување да изврши десеминација или презентирање на работата од посетениот семинар.

Во училиштето се води евиденција за спроведени обуки – семинари за наставници во рамките на стручното усовршување на наставниците. Стручната служба континуирано ги следи усовршувањата и развојот на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потребите за стручно усовршување. Во претходните три години, голем број на наставници поминале стручни усовршувања , од повеќе области. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот, што внесува ефективни иновации во работата.

### 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план за 2023 година и усвоена завршна сметка за 2022 година. Планот за јавни набавки за 2023 година е со бр.05-520/7 од 10.7.2023 година и истиот е усогласен со Законот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки, во која е вклучен член од Училишниот одбор. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

## УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

### 7.1.Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основното образование е од редот на Советот на родители.

Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 25.11.2022 година, заведен со арх.бр 02-641/6. Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 02-65/11 од 20.02.2023 година. Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со арх.бр. 18-272/1 ОД 30.08.2023 година. Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се покануваат (но има членови кои не присуствуваат на состанок), секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници (записничар е секретарот во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е многу добра. Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.02-520/3 од 10.07.2023 година, со одлука од општината бр. 25-3658/26 од 31.08. 2023 година. Вршител на должност директорот на училиштето е именуван со Решение на Градоначалникот на Општина Велес, со арх.бр. 08-2376/2 од 09.05.2022 година, со арх.бр. 08-2376/8 од 18.11.2022 година, со арх.бр. 08-2376/12 од 04.07.2023 година со мандат од шест месеци. Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Ја организира работата во училиштето и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства. Директорот ја следи наставата доволно, за време на едно полугодие се посетуваат сите наставници. Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, и е доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес. Во нејзиниот мандат има изречено писмени опомени за наставници, за недолично однесување, немање дневен оперативен план за час и тематско планирање и др.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години. Во периодот од последната интегрална евалуациа до денес направено е реконструкција на спортската сала, промена на санитатарните јазли и санитарен јазол за деца со посебни потреби, реконструкција на ПУ во с. Црквино- фасада, под, столарија, тоалети. Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основното образование.

Резултатите од Самоевалуацијата, детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на основното училиште. Советот на родители имаат изготвена Годишна програма за работа и деловник за работа со број 04-346 од 04.12.2013 година. Изграден е партнерски однос со директорот и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно-образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма, како и за управување со финансиите во училиштето. Советот на родители бил функционален и за време на on-lline наставата, Уредно ги свикуваат состаноците и сите членови се легитимни. На состанокот родителите не истакнаа некој проблеми кој директно се поврзани со воспитно-образовниот процес. Директорот доволно ја следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува финансиските средства, и секогаш наменскини транспарентно ги троши. Училиштето покрај Буџетската сметка има и сопствена сметка. Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето обезбедува и дополнителни средства од закупнина на простории за користење од страна на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, изнајмување на спортската сала на здруженија на граѓани и спортски клубови.

Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со локалната самоуправа, бизнис секторот од општината и невладини организации. Директорот учествува во работата на наставнички совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика. Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации. Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се: меѓуетничка интеграција на младите во образованието, интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието. Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели. Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр. 02-628/3 од 11.09.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 03-335/8 од 13.07.2021 година. Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување. Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики е подеднакво застапено по години. Во неа се разработуваат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2021 до 2025 година. Во програмата се опфатени сите фази од концептот на развојно планирање. Анализите за состојбите и планирањата се

изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето. Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени (со мали исклучоци). Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење. Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Планот за јавни набавки за 2023 година. За оваа година во планот за јавни набавки бр. 05-520/7 од 10.07.2023 година, во кој е планирано финанасиски средства за: линиски превоз на учениците од ПУ с. Црквино, набавка на огревно дрво, набавка на нафта и реконструкција на подрачното основно училиште, исхрана на учениците во продолжниот престој, набавка на дневен оброк за учениците. Набавките се реализираат во согласност со законот за јавни набавки. Тендерската постапка во училиштето ја спроведува лиценцирано лице за јавни набавки Сања Ников одделенски наставник во продолжен престој. Број на Потврда за положен испит за лице за јавна набавка 11-4/412 од 16.11.2021 година. Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници, наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност. Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Силни страни

- Поддршка на учениците со потешкотии во учењето
- Добра училишна клима и професионална соработка меѓу вработените, наставниците, родителите, учениците;
- Добра соработка со локалната самоуправа и деловната заедница;
- Хигиената е на добро ниво, редовно се одржуваат просториите, ходниците, санитариите и дворните места;
- Училиштето располага со комплетни податоци за постигањата, редовноста и поведението на учениците по пол , етничка припадност по сите наставни предмети и по сите квалификациони периоди
- Мал број на изостаноци и примерно поведение на учениците
- Најголем број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа;
- Најголем број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Изграден имиџ на училиштето и добра афирмација на постигањата на учениците.

## 8.2. Слаби страни

- Во училиштето нема пристапна рампа за инвалидизирани лица.

- Наставниците не изготвуваат оперативен план за час за додатна и дополнителна настава.
- Опременоста на училиштето со ИКТ технологија делумно задоволува во централното и подрачното училиште.
- Во подрачното училиште во с. Црквино часовите по Физичко и здравствено образование не се реализираат на спортски терен и спортска сала.
- Мал дел од одделенските наставници учествуваат во реализацијата на тандем наставата по ФЗО.
- Реализирањето на часовите по физичко и здравствено образование е отежнато поради недоволниот соодветен простор со кој располага училиштето од причина што распредот за реализација на наставата е нерационално изготвен.
- Последната симулација за постапување во случај на елементарни непогоди е изведена во 2018 година.

## 8.3. Препораки

- **Да се преземат активности во училиштето за изградба на пристапна рампа на влезот на училиштето.**
- **Наставниците да изготвуваат оперативен план за час за часовите по дополнителна и додатна настава.**
- **Опремување на училиштето со ИКТ технологија во кабинетот по информатика и останатите училници.**
- **Да се преземат активности за обезбедување на соодветни услови за реализација на часовите по Физичко и здравствено образование во подрачното училиште во с. Црквино.**
- **Да се преземат мерки и дејствија наставниците од одделенска настава да учествуваат во реализацијата на тандем наставата по ФЗО.**
- **Да се изготви распредот за реализација на наставата по физичко и здравствено образование така што ќе соодетствува со просторот со кој располага училиштето за успешна реализација на часовите.**
- **Да се преземат активности во насока на спроведување на симулација за постапување во случај на елементарни непогоди.**

| | |
|---|---|
| Александар Арсов,  Раководител на инспекцискиот тим | |
| Татјана С. Алексова,  Инспектор | |
| Гордан Стојчевски, Инспектор | |